Образец бр.1

**План за спроведување**
**на проценка на влијание на регулативата**

| | |
|---|---|
| Наслов на предлогот за донесување на закон: | Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија |
| Министерство: | Министерство за економија |
| Лице за контакт: | Имерали Бафтијари, раководител на сектор во Министерство за економија<br>Контакт тел./факс или е-пошта<br>т. 3093-525; ф.3093-445 |
| Очекуван датум за усвојување на предлогот: | Влада на РМ – Декември, 2009.<br>Собрание на РМ – Декември, 2009 |

**Дел 1: Почетна проценка на влијанието на регулативата и планирање на работата**
(забелешка: овој дел е јавен и ќе се објави во Единствениот електронскиот регистар на прописи)

А. Почетна проценка на влијанието на регулативата

1. ***Кои се главните проблеми? Дали тие може задоволително да се решат само со регулаторни мерки?***

Основна цел на Агенцијата е реализација на Програмата на мерки и активности за поддршка на претприемништвото и создавање на конкурентност на малото стопанство, како и на развојот на институционалната мрежа за деловна поддршка на малото стопанство и претприемништвото.
За реализација на целите и политиките за поддршка на развојот на малото стопанство и претприемништвото, Владата на Република Македонија на предлог од Министерство за економија донесува "Програма на мерки и активности за поддршка на претприемништвото и создавање конкурентност на малото стопанство" за период од 4 години. Со Програмата се утврдуваат и потребните средства, изворите на средства, роковите и други институции кои учествуваат во нејзина реализација.
Предмет на работењето на Агенција меѓу другото е развој на мрежа и координација меѓу институциите за подршка на развојот на претприемништвото и конкурентноста, реализирање на проекти за деловна соработка, партнерство и поврзување со економиите во регионот и пошироко, соработување со финансискиот сектор со цел создавање на поефикасни и разновидни услуги на претприемачите, давање информациона, стручна и советодавна помош и др.
Со донесување на Законот за основање на Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Македонија кој влезе во сила на 22 Септември 2003 година, се воведе член со кој се уредува на кој начин Владата на Република Македонија ќе ги обезбедува средствата за основање и почеток со работа на Агенцијата. Во таа насока согласно истиот член Агенцијата потребните средства за реализација на програмата ги обезбедува преку трансфер од Владата на Република Македонија - Министерството за економија, по претходно донесена годишна програма за работа на Агенцијата од страна на Владата на Република Македонија.

Со оглед на тоа што во законот беше предвидено средствата за вршење на работите од страна на агенцијата да се обезбедат преку трансфер од страна на Владата на Република Македонија со новите измени на законот ќе се овозможи Агенцијата за поддршка на претприемништво средствата за работа да ги обезбеди директно од Буџетот на Република Македонија. Исто така, со измените ќе се овозможува целосен увид во наменското трошење на буџетските средства од страна на Агенцијата.

2. ***Кои се главните цели на предлогот за донесување на закон?***

   Цели на предложениот закон се поедноставување на законската регулатива со точно утврдена правна рамка како Агеницијата ќе ги обезбеди потребните средства за реализација на годишната програма. Односно прикажување на средсвата за работа на Агенцијата по намена, со што се ќе се овозможи увид во начинот на трошење на средствата. Имено Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија досега се финансираше со трансфер од Буџетот на Министерството за економија.

3. ***Кои се можните решенија (опции)? Кои регулаторни или нерегулаторни мерки би можеле да се разгледаат?***

   Имајќи предвид дека Агенцијата не е корисник на буџетски средства од прв ред, односно потребните средства ги обезбедува преку трансфер од Министерството за економија, Минисерството за финансии како надлежен орган на државната управа за изготвување на Буџетот, согласно Законот за буџети побара да се дополни Законот за основање на Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Македонија во смисла на точно уредување (утврдување) на начинот како Агенцијата ќе ги обезбедува средствата за вршење на работите.
   Со Предлог Законот за изменување и дополнување на Законот и неговото спроведување не се налага потребата од изменување на други закони и прописи.

4. ***Кои се влијанијата што можат да произлезат од секое од можните решенија и кој е засегнат? Кои влијанија може да бараат дополнителни анализи.***

   Измените на законот се однесуваат на работењето на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија односно истите имаат намера да го подобрат увидот во наменското трошење на средствата, како и зголемување на транспарентноста и одговорноста на трошењето на буџетските средства при реализација на годишната програма.

*<u>Б. Планирање на потребната работа за проценка на влијанието на регулативата</u>*

1. ***Кои информации и податоци се веќе достапни? Кои дополнителни информации треба да се соберат? Како би се направило тоа (со внатрешни ресурси или пак со ангажирање надворешен консултант) и до кога? Кој тип и ниво на проценка е потребно (Иницијална или Комплетна проценка на влијание на регулативата - принцип на пропорционална анализа)?***
2. ***Кои се заинтересираните страни и експертите кои ќе бидат консултирани, како и во која фаза ќе бидат вклучени во процесот? Кога и Како?***

   Во иницијалната проценка на влијанието на регулативата и изработката на текстот на Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија Министерство за финансии и Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија..

3. ***Дали ќе се формира меѓуресорска работна група за спроведување на проценка на влијание на регулативата?***
   Не , нема да се формира Меѓуресорска работна група.

| Дел 2: Подетално планирање, вклучително со време и ресурси<br>(забелешка: овој дел е за интерна употреба на Владата на Република Македонија) |
|---|

<u>В. Временска рамка</u>

1. ***Кога ќе започнат активностите за проценка на влијанијата на регулативата?***
   Започнати се во Септември 2009 година.

2. ***Доколку се планира формирање на меѓуресорска работна група, кога ќе се воспостави? Кои министерства ќе бидат поканети да се вклучат? Доколку не се планира формирањето на ваква меѓуресорска работна група, наведи ги причините.***

   Меѓуресорската работна група нема да се формира имајќи ја во предвид природата на измените, односно измените се однесуваат на буџетското работење и истите министерството за економија ги имаа изготвено во тесна соработка со министерството за финаннси како надлежен орган на државната управа за изготвување на Буџетот, согласно Законот за буџети .

3. ***Ако се планира вклучување на надворешни консултанти (на пример за аналитички студии, собирање на информации, итн.), која е временската рамка предвидена за процесот на набавка и договарање***?

   Во изработка на Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија не се исористени услуги од надворешни консултанти.

4. ***Која е планираната временска рамка за меѓу-ресорските консултации (по работната верзија на Предлогот за донесување на закон и проценка на влијанието на регулативата)? Започнување? Завршување?***

   Меѓу-ресорските консултации се започнати во октомври 2009 година и завршени се во ноември 2009 година.

5. ***Кога предлогот за донесување на закон и проценката на влијанието на регулативата ќе бидат поднесени до Генералниот секретаријат?***

   Предлог Законот за измени и дополни на законот се очекува да биде донесен до крајот на 2009 година.

6. ***Кога е планираниот датум за прифаќање на предлогот за донесување на закон?***
   ***Јануари 2010 година***
   ***Која е очекуваната процедура?***

   Предложените измени и дополни на законот ќе бидат во Процедура согласно Деловникот на Влада и Собрание на РМ, и тоа како Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија

   Очекуван датум на донесување на Предлог законот, месец Јануари 2010 година.

**Г. Ресурси**

1. Кои се планираните човечки и/или финансиски ресурси за спроведување на проценката на влијанието на регулативата и финализирање на предлогот за донесување на закон?

   Од државните службеници во Министерството за економија (сектор за внатрепретприемништво и конкурентност) .

Образец бр. 2

## Иницијална проценка на влијание на регулативата

**Чекор 1: Опис на политичкиот контекст на проблемите, целите што ќе се остварат со нивно решавање и можните опции за решавање на проблемите**

### 1. Политички контекст на проблемите

Со донесување на Законот за основање на Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Македонија кој влезе во сила на 22 Септември 2003 година, се воведе член со кој се уредува на кој начин Владата на Република Македонија ќе ги обезбедува средствата за основање и почеток со работа на Агенцијата. Во таа насока согласно истиот член Агенцијата потребните средства за реализација на програмата ги обезбедува преку трансфер од Владата на Република Македонија - Министерството за економија, по претходно донесена годишна програма за работа на Агенцијата од страна на Владата на Република Македонија.
Министерството за финансии, имајќи предвид дека Агенцијата не е корисник на буџетски средства од прв ред, односно потребните средства ги обезбедува преку трансфер од Владата на Република Македонија- Министерството за економија, побара да се дополни Законот за основање на Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Македонија во смисла на точно уредување (утврдување) на начинот како Агенцијата ќе ги обезбедува средствата за вршење на работите.
Измените на законот ќе овозможат прикажување на средсвата за работа на Агенцијата по намена ,со што ќе се овозможи увид во начинот на трошење на средствата. Имено Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија досега се финансираше со трансфер од Буџетот на Министерството за економија. Воедно, со измените ќе се придонесе и кон зголемување на транспарентноста и одговорноста на трошењето на буџетските средства при реализација на годишната програма.
Имајќи ја предвид горенаведената состојба се оцени дека е неопходно да се изврши усогласување на одредбите на законот со дадените укажувања на Министерството за финансии.

### 2. Опис на целите што ќе се остварат со донесување на законот

Со предлог Законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија ќе се овозможи прикажување на средсвата за работа на Агенцијата по намена, со што се ќе се подобри увидот во начинот на трошење на средствата. Имено Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија досега се финансираше со трансфер од Буџетот на Министерството за економија.

### 3. Идентификација на можни решенија (опции)

Со Предлог Законот за изменување и дополнување на Законот и неговото спроведување не се налага потребата од изменување на други закони и прописи.

4. **Оценка на ефектите од постигнатите резултати**

Со усвојување на предлог Законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија и со имплементацијата на овој закон, се очекува повеќето позитивни ефекти во смисол на зголемување на трансапарентноста и одговорноста на трошењето на буџетски средства од страна на Агенцијата.

**Чекор 2: Идентификација на трошоци, придобивки и влијанија**

**Предложено решение (опција):** Предлог Законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија

**Опис: Закон**

1. **Трошоци и фискални импликации**

| | (Во илјади денари) | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Фискални импликации** | Тековна година 2009 | Втора година 2010 | Трета година 2011 | Четврта година |
| **А)** Вкупни трошоци за предложеното решение (опција)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 16.000.000 | 10.106.000 | 0 | 0 |
| **Б)** Одобрени средства за предложеното решение (опција)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | | | | |
| **В)** Промена (разлика) од одобрените средства (Б-А)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | | | | |
| **Г)** Расположливи средства од прелевање (од<br>други активности или<br>програми во министерството)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал | | | | |

| | (Во илјади денари) | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Фискални импликации** | Тековна година 2009 | Втора година 2010 | Трета година 2011 | Четврта година |
| Трансфери<br>Вкупно | | | | |
| **Д)** Нето импликации на средствата на министерството (В-Г)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 16.000.000 | 10.106.000 | 0 | 0 |
| **Ѓ)** Зголемување / намалување на приходите | | | | |
| **Е)** Дополнителни извори на финансирање или споделување на трошоците | | | | |

| | (Во илјади денари) | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Преглед на трошоци** | Тековна година | Втора година | Трета година | Четврта година |
| Иницијални трошоци за министерството | 16.000.000 | 10.106.000 | 0 | 0 |
| Иницијални трошоци за трети страни | | / | / | / |
| Трошоци на деловните субјекти за човечки ресурси | | / | / | / |
| Останати трошоци на деловните субјекти | | / | / | / |
| Трошоци на потрошувачите | | | | |

2. **Придобивки**

| **Годишни финансиски придобивки** | (Во илјади денари) |
|---|---|
| **А)** Еднократни (на почетокот при донесувањето на решението) | нема |
| **Б)** Просечни годишни придобивки (без еднократните) | нема |
| Вкупен финансиски износ на придобивките (А+Б) | нема |

Опис и опсег на клучните финансиски придобивки за „клучните засегнати страни“

**Други клучни нефинансиски придобивки за „клучните засегнати страни“:**

3. **Ризици и претпоставки**

   **НЕМА**

4. **Останати влијанија**

| **Тип на влијание проценето во проценка на влијание на регулативата** | **Резултати приложени во материјалот** | **Резултати приложени во прилог** |
|---|---|---|
| Влијание врз националната конкурентност | НЕ | |
| Влијание врз социјално исклучените и ранливи групи | НЕ | |
| Влијание врз животната средина | НЕ | |
| Влијание/значителна политичка промена на пазарната економија вклучувајќи испитување на влијанието врз потрошувачите и конкурентноста | НЕ | |
| Влијание врз правата на граѓаните | НЕ | |
| Дали предложените решенија вклучуваат значителни тешкотии за усогласување | НЕ | |

5. **Резиме на трошоци, придобивки и влијанија за оваа опција**

**Чекор 3: Консултации**

Извршени се консултации со Министертството за финансии.

**Чекор 4: Спроведување на предложеното решение и негово правно усогласување**

Правното усогласување е извршено со Секретаријатот за законодаство

**Чекор 5: Проверка / рецензија на решението**
Ефектите од предложеното решение ќе се следат со :
Со предлог за измени и дополни на Законот ќе се овозможи прикажување на средствата за работа на Агенцијата по намена и подобар увид во начинот на трошење на средствата. Истото ќе се рефлектире преку зголемување на транспарентноста и одговорноста на трошењето на буџетски средства од страна на Агенцијата.

**Резиме на иницијалната**
**проценка на влијание на регулативата**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Министерство: | Министерство за економија | | |
| Лице за контакт: | Имерали Бафтијари, раководител на сектор во Министерство за економија<br>Контакт тел./факс или е-пошта<br>т. 3093-525; ф.3093-445 | | |
| Наслов на предлогот за донесување на закон: | Предлог Закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија | | |
| Верзија: | ПРВА | Датум: 25 .2009 | |
| Поврзани материјали / документи: | | | |

1. **Предлог текст за заклучок на Владата на Република Македонија:**

   Да се усвои Предлог Закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија и да се достави на усвојување во Собранието на Република Македонија.

2. **Имиња и презимиња на лицата одговорни за подготовка на предлогот за донесување на закон и негово усогласување:**

   Г-дин Имерали Бафтијари , Раководител на сектор за претприемништво и конкурентност

   **Повереници на Владата на Република Македонија кои ќе се вклучат во презентирање на предлогот за донесување на закон во Собранието на Република Македонија:**
   Д-р Фатмир Бесими,министер на МЕ,
   Д-р Методија Хаџи-Васков, заменик министер на МЕ,
   Катерина Костеска, државен секретар на МЕ,
   Имерали Бафтијари , Раководител на сектор за претприемништво и конкурентност-МЕ,

3. **Текстот на предлогот за донесување на закон и проценката на влијанија на регулативата смее да се објави во Единствениот електронски регистар на прописи: ДА**

4. **Објаснување на причините доколку се бара донесување на законот по итна постапка:**

   Имајќи предвид дека со предложените законски решенија се уредува начинот на кој Агенцијата ќе ги обезбедува средства за реализација на годишната програма предлагаме донесување на законот по итна постапка. Со цел да се овозможи непрекинато работење на Агенцијата односно континуитет во реализација на своите програмски обврски.

5. **Краток осврт на предложениот материјал:**

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВАЊЕ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ПОДДРШКА НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Предлог Закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија содржи два члена .

**Во член 1**

Со измените во овој член се овозможува прикажување на средствата за работа на Агенцијата по намена , со што ќе се овозможи увид во начинот на трошење на средствата. Имено Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија досега се финансираше со трансфер од Буџетот на Министерството за економија.

**Во Член 2**

Имајќи предвид дека измените се однесуват на буџетското работење на Агенцијата во овој член се уредува времето кога истиот треба да почне да се применува,.

**Изјава од министерот**
**за иницијалната проценка на влијание на регулативата**

Изјавувам дека предложениот материјал за иницијална проценка на влијанието на регулативата/ предлогот за донесување на закон

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Нема влијание | врз Буџетот на Република Македонија во висина поголема од 30.000.000 денари во тековната и 100.000.000 денари во наредните 3 години. |
| 2. | Има / Нема влијание (сметам дека нема) | врз усогласеноста со законодавството на Европска Унија. |
| 3. | Има влијание | врз постапките или работењето на јавната администрација , во однос на Агенцијата.<br>Подобрување на прикажувањето на средствата за работа на Агенцијата по намена. |
| 4. | Има влијание | зголемување на транспарентноста и одговорноста на трошењето на буџетски средства од страна на Агенцијата. |

| | | |
|---|---|---|
| 7. | Направено е претходно објавување на текстот на предлогот за донесување на закон во Единствениот електронски регистар на прописи и јавно се | ДА / **НЕ** () |

| | | |
|---|---|---|
| | спроведени консултации со заинтересирани страни.<br>Нема потреба од јавна расправа<br>Датум на објавување: не е објавен во Единствениот електронски регистар.<br>Вклучени организации и претставници: МЕ и МФ<br>Свое мислење дадоа следниве организации: Министертството за финансии и Секретаријат за законодавство. | |
| 8. | Сите забелешки и предлози од заинтересираните страни се земени во предвид. | ДА |
| 9. | Предлогот за донесување на закон е лекториран. | ДА |
| 10. | Спроведени се меѓуресорски консултации. | ДА |
| 11. | Дали предлогот за донесување на закон предвидува управна постапка? | НЕ |
| 12. | Доколку предлогот за донесување на закон предвидува управна постапка, дали може да се вгради начелото "молчењето значи одобрување"?<br>Нема потреба да се гради начелото "молчењето значи одобрување", бидејќи постапката за надзорот е прецизно кажано во Законот и во посебните закони на органите за надзор. | НЕ |

**Изјава од министерот**

Јас, **д-р Фатмир Бесими , министер на Министерство за економија**, изјавувам дека ја проучив Иницијалната проценка на влијанието на регулативата и сметам дека дава реален преглед на очекуваните придобивки и потребните трошоци врзани со секоја од идентификуваните опции за решавање на проблемот.

Потпис на министерот:

.................................................................................. Датум: